# СТАТИИ

Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ

## МАРКС И ИСТОРИЈАТА

**„КАКО ШТО ДАРВИН го откри законот за развитокот на органската природа, така Маркс го откри законот за развитокот на човечката историја** . . .[1]) Овие достоинствени зборови ги искажа Фридрих Енгелс, верниот Марксов соработник, другар и пријател, во својата кратка, елоквентна реч, на гробот на Маркса на 17 март 1883 година, на познатите хајгетски гробишта во северен Лондон.

Ова извонредно високо и превосходно признание само го заклучува значењето за еден единствен аспект од широко универзалната и беспримерно разновидната дејност на основачот на научниот социјализам, на човекот, научникот и револуционерот — ненадминат во историјата на модерната цивилизација. Овој вредносен придонес на Карл Маркс, само е дел од сето она **грандиозно** што оваа **грандиозна** личност ја вгради во историјата на науката, на социјализмот, на меѓународното работничко движење. Благодарение на ова негово големо откритие, историографијата за прв пат ги доби димензиите на науката, се оформи како „единствена наука“ во семејството на научните области.

Имаше нешто прометејско во тој чин на Маркса — да ги претстави законите на човечката историја, законите за општествениот развиток, основните принципи на историскиот материјализам. И не беше тоа само Коперникова револуција во стриктното определување на основниот лајтмотив во филозофијата на историјата, туку тоа беше поврзано и со изградување на методолошките принципи, во мајсторска примена врз суптилните историски настани и проблеми, со проверка во практиката на историскиот развиток. К. Маркс не беше **површносен** набљудувач и хроничар, туку, по зборовите на Енгелс, тој имал ненадмината способност да проникне во смислата на историските настани, во мајсторското умеење да го изложи текот на настаните во нивната внатрешна врска, да ги открие нивните неопходни последици.[2])

---

[1]) Ф. Енгелс, Карл Маркс. — Карл Маркс. Чланци и сећања. Београд 1950, 20.

[2]) Э. А. Желубовская, История Второй империи в произведениях Маркса. — Маркс—Историк. Москва, АН СССР 1968, 304.

Освен оваа превосходност, Маркс ја имал исклучителната смелост и храброст да го поврзува минатото со современоста, со практичната борба на пролетаријатот и на работничката класа како историски докажана општествена класа. Зошто за Маркса историјата не беше самоцел, туку основната нишка се состоеше во неминовното настојување на „модерниот пролетаријат да му влее свест за неговата сопствена положба и за неговите потреби, свест за условите на неговото ослободување — тоа беше, по зборовите на Енгелс — негов животен позив . . .“[3]) Токму затоа и неговата посветеност ја надмина современата епоха, ги опфати срцата на милионите. Кај овој човек — хуманист, гигант на мислата од XIX век, науката и јавната дејност се преплетуваа во една целокупност, во една неопходна целина. Од таа животна определеност произлегуваше неговата висока благородна добродетел. Тој велеше: „Науката не смее да биде себично уживање: тие што имаат среќа да се посветат на научната работа треба први да го стават своето знаење во служба на човештвото“.[4]) Оваа максима на првиот „граѓанин на светот“ беше спроведена во сите негови научни, животни и револуционерни дејности, во сета негова богата биографија. Оваа определба ја наоѓаме и во неговото наследство како историчар, како основач на материјалистичкото разбирање на историјата.

1.

Карл Маркс беше рожба на својата епоха. Неговата појава како и појавата на научниот социјализам и на материјалистичкото разбирање на историјата не беше случајна. Тоа беше резултат на општествено-економската, политичката и социјалната положба на времето, кога капитализмот силно се развивал, кога уште не бил завршен развитокот на буржоазијата. Тоа се триесеттите и четириесеттите години на минатиот век, времето за создавање на закономерни објективни услови за појавата на Марксовото учење. Тоа негово учење не беше случајно, ниту некаков резултат од откривањето на генијалниот ум, туку сосем логична историска појава, придобивка од судрувањата и борбата помеѓу две историски општествени класи: пролетаријатот и буржоазијата. Токму од тоа историско судрување произлезе неопходноста да се создаде општествена система која ќе има особено превосходна задача да ги открие средствата за решавање на тоа историско судрување, да ја постави на висок пиедестал неминовноста на тој неизбежен чин.

Историските услови на капитализмот силно влијаеле врз разраснувањето на идеологијата на новото учење. Во овој период капитализмот различно се развивал. Најинтензивен бил неговиот

[3]) Ф. Енгелс, Op. cit., 21.

[4]) Пол Лафарг, Сеќања на Карла Маркса. — Карл Маркс, 34.

развиток во Англија, во оваа класична земја на индустриската револуција. Наспроти на тоа, неговиот интензитет бил послаб во Франција, така и се одразил врз развитокот на производните и општествените сили. Во Германија, во татковината на Маркса, токму што започнувал процесот на индустриската револуција. Тој нееднаков растеж се одразил и врз развитокот на работничката класа. Трудот на наемните работници во условите на капиталистичката експлоатација станувал ништожен. Капиталистот е единствен сопственик на средствата за производство, тој ги присвојува производите на работникот и ги претвора во стока. На тој начин производот на општествениот труд си го присвојува капиталистот, експлоататорот.[5]) Со тоа работникот е осуден на доживотна наемна работа, поради што и се јавува спротивноста меѓу пролетаријатот и буржоазијата. Таа спротивност не ја решаваат ни машините, ни техничкиот прогрес. Не се олеснува трудот. Работникот е додаток на машините. Спротивноста се решава во зголемувањето на класното осознавање, во отвореното судрување меѓу трудот и капиталот. Тука се наоѓа расплетот на противречностите што претставува историска задача на пролетаријатот. Токму тука дошла до израз сопствената акција на пролетаријатот која условила да се создадат објективни основи за појавата на научниот социјализам, чијашто појава не била ништо друго, туку теоретски израз на пролетерското движење.[6])

Појавата на Марксовото учење беше условено и од целокупната целокупност на дотогашната надградба, на дотогашниот интелектуален развиток на сето најзначајно, најсуштествено, на човечката цивилизација. Поврзано со ова стоел и проблемот на дотогашните постигања на историската наука, како предуслов на појдовната точка за сосем новото и сосем оригиналното поставување на теоретските начела и принципи на материјалистичкото разбирање на историјата.

## 2.

Домарксовата историска наука се карактеризира со идеалистички пристап кон историскиот процес. Француското Просветителство од XVIII век имало влијание врз создавањето на буржоаската идеалистичка историографија. Главната поента била дадена во истражувањето, во собирањето и средувањето на архивскиот материјал. Врз основа на тој материјал започнале да се претставуваат и образложуваат историските настани и процеси. Историјата се разгледува како ограничен фактор. Историската претстава била откината од секојдневниот живот, нешто што било надвор

---

[5]) Ф. Енгелс, Развитокот на социјализмот од утопија до наука. Скопје 1961, 78.
[6]) Ibidem, 80.

од светот.[7]) Причините на сите историски проблеми се базирале во човековите идеи. Од сите историски промени најважни биле политичките, кои господареле со целокупната историја.[8])

Со победата на Француската буржоаска револуција од 1789 година започнал сосем нов приод на ново буржоаско гледање врз политичкиот, економскиот и социјалниот развиток. Започнал нов период и во развитокот на буржоаската историографија. Новата буржоаска епоха барала нов пристап кон историскиот процес, подобро разбирање на последиците од револуционерните настани, разбирање за движечките сили и класните односи во историскиот процес.

Од дваесеттите години на XIX век започнала да се развива буржоаско-либералната историографија која покажала посебен интензитет во Англија и оттаму се проширила по целиот европски континент. Во овој период се појавиле низа историски школи. Француската буржоаска историска школа придонела за понов и современ развиток на историската наука. Нејзини најистакнати претставници биле: Огјустен Тјери, Франсоа Гизо и Франсоа Миње. Овие историчари се познати со својата теорија за борбата на класите како движечка сила на историскиот процес. Овие историчари ја разбирале класната борба како клуч за протолкување на настаните од француската историја.[9]) Оваа значајна поставка имала силно влијание врз развитокот на историографијата и како таква влијаела и врз изградувањето на Марксовите становишта за класната борба, на што и самиот тој се повикувал.

Во развитокот на буржоаската историографија од овој период значајно е да се спомене влијанието на филозофијата на историјата од германскиот филозоф Георг Вилхелм Хегел кој имал влијание и врз Марксовите становишта. Хегеловата филозофија на историјата значи нов чекор во развитокот на историската наука. Хегел го разработил дијалектичкиот принцип на развитокот кој не се реализирал во историјата на реалното општество, туку во самозапознавањето на апсолутниот дух. Според него, историскиот процес претставува борба на спротивностите кои потекнуваат од човечкото сознавање. Развитокот на апсолутниот дух во светската историја на човештвото Хегел го разбира како непрекинат растеж на сознавањето на слободата. Во тој развиток водечкиот народ на секоја епоха достигнува определен степен. По ова тој се симнува од сцената на историјата, оставајќи место на друг народ кој повисоко го презема сознавањето за слободата.[10])

---

[7]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Одбраните трудови. Скопје 1961, 420.

[8] Ф. Енгелс, К. Маркс, 14.

[9]) В. М. Далин, Французкие историки эпохи реставрации. — Маркс — Историк, 8, 23.

[10]) Види: G. W. Hegel, Filozofija povijesti. Zagreb 1951, 21—105; A. Cornu, Karl Marx и Friedrich Engels. T. I. Zagreb 1958, 370—371.

Иако обременет со низа идеалистички примеси овој Хегелов пристап кон филозофијата на историјата придонел за разјаснување на низа проблеми од развитокот на општеството, на идејата дека историјата е прогресивен процес. Следбениците на Хегел — хегелијанците, влијаеле и тие од своја страна врз историографијата, давајќи нова разработка на Хегеловите поставки во филозофијата на историјата. Освен тоа, во Германија се развила и таканаречената „Историска школа на правото" која ги поставила основите на реакционерниот историзам. Во исто време се развила и германската романтичка историографија, која извршила влијание врз развитокот на историската наука.[11])

Сите овие нови тенденции во развитокот на буржоаската историска наука, пред појавата на Марксовото откривање на материјалистичкото разбирање на историјата, по своето идеалистичко толкување и ограниченост, не биле во состојба да дадат научно образложение на историските движечки сили и закономерности. Меѓутоа, тие придонеле, особено француските историчари од дваесеттите години и прогресивните концепции на Хегел, во комплексното концептирање основите на Марксовите историски погледи и неговото откривање на материјалистичкото разбирање на историјата.

## 3.

Формирањето на Марксовиот материјалистички поглед било поврзано со сестраното изучување на историјата. К. Маркс пројавил голем интерес за развитокот на историјата како движечки процес, длабоко и страсно навлегувајќи во разработката на низа нејзини значајни страници и проблеми. **Светлините** на минатото не можеле да го одбегнат **неговиот** интерес. **Неговото** набљудателно око проникнало во длабочините и светлите траги од развитокот на човештвото. Од неговата заоставштина, од неговото богато наследство, сочувани се 150 тетратки во кои тој прилежно ги бележел своите размислувања од прочитаните книги и материјали од кои најголем дел биле историски студии и публикации.[12]) Во неговата богата библиотека историските книги заземаат најголем дел. Тоа се публикации од разни области за историјата на Европа, посебно од историјата на Франција, Англија, Германија, за Француската револуција и за други преломни периоди од историјата на човештвото.[13]) Од прегледот на неговата заоставштина на прочитани книги и од направените записки по нив, може да се

---

[11]) Види: Историография новой и новейшей истории стран Европы и Америки. Москва 1968.

[12]) В. М. Далин, Н. И. Непомнящая, Исторические книги в Библиотеке Маркса. — Маркс — Историк, 603.

[13]) Ibidem, 607—623.

установи дека се тоа фундаментални публикации од кои К. Маркс бележел најсуштествени и содржајно богати податоци што подоцна ги применувал во своите трудови.[14])

Од Марксовото ракописно наследство може да се установи дека К. Маркс започнал да се интересира за историјата уште од најрани дни. Веќе како студент на Универзитетот во Бон, каде што стапил во 1835 година, К. Маркс започнал да се занимава со историјата. Со ова продолжил да се занимава и на Универзитетот во Берлин каде што стапил во 1836 година.[15])

Со историјата К. Маркс започнал интензивно да се занимава во почетокот на четириесеттите години на минатиот век и тоа по одбраната на докторатот во Јена во 1841 година и по соработката и редактирањето на „Рајнскиот весник".[16]) Имено, во 1843 година во Кројцнах К. Маркс интензивно работи врз историската проблематика. За ова сведочат неговите таканаречени „Кројцнахски тетратки" во кои тој правел записи за теорија на историјата и на државата за историјата на Англија, Франција, Германија, САД, Италија, Полска, Француската револуција и друго. Од овис записи произлегува дека Маркс со особено внимание ја изучувал општата светска историја, запирајќи се и анализирајќи низ важни историски преломни периоди и проблеми. Најголемо внимание обрнувал на револуциите, на класните односи, на проблемите на сопственоста, посебно на буржоаската сопственост.[17])

Нов момент во следењето на Марксовиот интерес кон историјата забележуваме со неговиот премин во Париз кон крајот на октомври 1843 година каде тој останува до летото 1845 година. Тука се ангажирал и во подготвувањето и издавањето на „Немско-францускиот годишник" и во проучувањето на филозофските и утописко-социјалистичките и утописко-комунистичките идеи.[18]) Во ова време тој ја изучувал Француската револуција од 1789 и 1830 година. Ги испитувал историските изворни материјали и литература. Се носел со мислата да напише историја на Конвентот.[19])

Проучувањето на историјата, а во исто време и на филозофските и на нив сродните системи, му спомогнало на Маркса да го изградува својот мироглед и како резултат на тоа да ги открие фундаменталните основи и поставки на материјалистичкото разбирање на историјата.

---

[14]) Н. А. Ерофеев, Английская историческая наука 30—40-х годов XIX в. — Маркс — Историк, 33; Б. Г. Вебер, Немецкая историография конца XVIII — первой поливины XIX в. — Маркс — Историк 49—82.

[15]) В. Г. Мосолов, Изучение К. Марксом всемирной истории в 1843—1844 гг. как один из источников формирования материалистического понимания истории. — Маркс Историк, 89—90.

[16]) Карл Маркс. Биография. Москва 1969, 43—44.

[17]) В. Г. Мосолов, Op. cit., 91—96; P. Vranicki, Historija marksizma. T. I. Zagreb 1971, 59.

[18]) Д. А. Рахман, Великий учитель рабочего гласса. Москва 1969, 31—35.

[19]) R. Garodi, Karl Marks. Beograd 1968, 44.

4.

Првите основи на материјалистичкото разбирање на историјата Карл Маркс ги поставува во 1843 година, кога во Кројцнах започнува да ја разработува својата прва критичка работа посветена на прашањето на Хегеловата филозофија на правото за што објавил прилог во 1844 година во „Немско-францускиот годишник“ во Париз под наслов: „Кон критиката на Хегеловата филозофија на правото“. Во ова дело Маркс го полага на остра критика Хегеловото учење за државата и правото, критикувајќи ја со тоа неговата идеалистичка концепција за општеството. Со оваа критика Маркс ги поставува првите фундаментални обиди на материјалистичкото разбирање на историјата и, како вели Франц Меринг, го наоѓа клучот на историскиот развиток.[20])

К. Маркс смета дека историјата има определена специфична задача. Таа задача, според него, се состои во тоа: „...откако е изчезната вистината за оној свет — да ја утврди вистината на овој свет...“[21]) Освен тоа, кај Маркса веќе наоѓаме и суштинско определување за пролетаријатот кој настанувал како резултат на индустрискиот развиток. Повеќе од тоа го наоѓаме и она што кај Маркса ќе биде присутно во текот на целиот негов летопис. Тоа е неговата максима: „Филозофијата го наоѓа во пролетаријатот своето материјално оружје, така и пролетаријатот го наоѓа во филозофијата своето духовно оружје“.[22])

Овие фундаментални поставки К. Маркс ги доразвива и дообразложува во својата натамошна истражувачка работа на ова поле. Во 1844 тој во Париз работи врз „Економско-филозофските ракописи“ базирани врз историски и економски истражувања. Тука тој ја определува улогата на производството во животот на општеството. Според него, производството истапува како фактор што го определува граѓанското општество. Поврзано со оваа поставка Маркс доаѓа и до принципот на историзмот како форма на појава на материјалистичкото разбирање на историјата. Тука е акцентирана и теоријата за класите и класните борби, како и прашањето за уништување на приватната сопственост.[23])

Во ова дело К. Маркс ги засега и заемните односи меѓу историјата и природните науки констатирајќи дека: „Самата историја се јавува како дејствителен дел од историјата на природата“.[24])

Карл Маркс правел натамошни чекори во продлабочувањето на теоријата за материјалистичкото разбирање на историјата. Сега веќе кон оваа негова монументална работа се придружува неговиот

---

[20]) F. Mering, Karl Marks, Beograd 1958, 77.
[21]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Од раните трудови. Скопје 1961, 100.
[22]) Ibidem, 118.
[23]) Г. А. Багатурия, Формирование и развитие материалистического понимания истории. — Маркс — Историк, 126—130.
[24]) Д. А. Рахман, Op. cit., 60.

сопатник Фридрих Енгелс. Нивната прва средба во вторaта половина на ноември 1842 година во Келн, во редакцијата на „Rheinische Zeitung", претставувала само прелудиум на постојаната врска што започнала на 28 август 1844 година во Париз,[25]) за да продолжи во Брисел и Лондон[25a]) нема да ги остави, речиси, полни четири децении. Тоа е ретка и беспримерна дружба во историјата на меѓучовечките односи. И не беше тоа ни малку случајно. И обајцата ги доведе феноменот на научниот социјализам до исти становишта, ги вовлече во вителот на единственоста и разбирањето за научната вистина. И како дострел на тоа резултираше нивното прво заедничко дело под наслов: „Свето семејство" што се појави при крајот на февруари 1845 година во Франкфурт на Мајна. И тука материјалистичкиот концепт наоѓа свој израз во беспоштедната критика на Хегеловиот „апсолутен дух на историјата"[26]) и во поставување на поставката дека историјата" ... не е ништо друго, туку дејност на човекот кој се движи по своите цели".[27])

Научниот фундамент на материјалистичкото разбирање на историјата се поставува од страна на К. Маркс и Ф. Енгелс во нивното заедничко мошне значајно дело: „Немска идеологија" кое започнале да го работат во Брисел во ноември 1845, а го завршиле во мај 1846 година. Изданието на трудот минало низа перипетии и само една глава била објавена во 1847 година, а целосно се објавува во Советскиот сојуз дури во 1932 и 1933 година.[28])

Во „Немска идеологија" се изложуваат основните појдовни принципи во материјалистичкото разбирање на историјата. На прв план е нагласена првата претпоставка на секоја човечка историја што се состои во постоењето на живи човечки индивидуи. Секоја историографија треба да тргнува од природните основи и од промените кои, благодарејќи на дејноста на луѓето, се подлагаат во текот на историјата. Луѓето се разликуваат од животните штом ќе почнат да произведуваат за нив нужни средства за живот. Произведувајќи ги нив, нужните средства за живот, луѓето индиректно го произведуваат и самиот свој материјален живот. Каква е животната дејност на индивидуите, такви се и самите тие. Тоа се совпаѓа со нивното производство, со она што тие го произведуваат. Значи, сè зависи од материјалните услови на нивното производство.[29])

---

[25]) Карл Маркс, 350—351.

[25]а) Х. Андонов-Полјански, Карл Маркс во Англија — Погледи V/5 (1968), 120—122.

[26]) K. Marks—Fr. Engels, Sveta porodica. Beograd 1959, 140.

[27]) V. Korać, Marksovo shvatanje čoveka istorije i društva. Beograd 1971, 49; Л. И. Голыан, Об исторических взглядах молодого Энгельса. Энгельс и проблемы истории. Москва 1970, 35.

[28]) Д. А. Рахман, Op. cit., 85.

[29]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Немска идеологија. — К. Маркс—Ф. Енгелс, Од раните трудови, 3948—395.

Оваа категорија во дефинирање на поставката се надополнува со образложението дека: „Определените индивидуи што на определен начин се занимаваат со производствена дејност стапуваат во определени општествени и политички односи. Исто така и производството на идеите, на претставите, на свеста отпрвин е непосредно вклучено во материјалната дејност и во материјалното општење на луѓето, во јазикот на реалниот живот. Спротивно на поставките на немската класична филозофија, Маркс и Енгелс појдуваат од стварното дејствување на луѓето, од нивниот вистински животен процес. Тие доаѓаат до заклучокот дека: „Свеста не го определува животот, туку животот ја определува свеста...“[30]) Оттука, од тој вистински процес на животот, се определува и категоричкиот факт дека треба историјата да престане да биде збир на мртви факти, туку позитивна наука, онаа што ја прикажува практичната дејност, практичниот процес во развитокот на луѓето.[31]) Затоа историјата на човештвото секогаш треба да се изучува и разработува во врска со материјалното производство, со размената. Токму тука се покажува материјалистичката врска на луѓето меѓу себе, врска што е условена од потребите и начинот на производството и што е исто толку стара, како и самите луѓе т.е. врска што зема сè нови форми, па со тоа значи претставува „историја“.[32]) Тука се преплетуваат моментите на — производната сила, општествената состојба и свеста кои си противречат. Тие противречности се содржат во — поделбата на трудот, во распределбата во што е дадена сопственоста.[33])

На тој начин, според Маркс и Енгелс, доаѓаме до раѓање на општеството со сите негови противречности што влегуваат во специфичностите и карактеристиките на историјата. Појдувајќи од тоа најважната определба на историјата е дадена од Маркс и Енгелс во класичната формулација: „Ние познаваме само една единствена наука, науката на историјата“. Таа може да се раздели на историја на природата и историја на луѓето. Идеологијата е само една страна од оваа историја.[34])

Од ова произлегува дека основните појдовни точки во Марксовата филозофија на историјата се состојат во резултатот дека луѓето ја прават својата историја, која почнува со првото орудие, со првото производство на средствата, односно со создавањето на производните сили кои, во крајна линија, ги определуваат производните односи. На извесен степен од развитокот, производните сили се наоѓаат во спротивност со определената форма на опште-

---

[30]) Ibidem, 403.
[31]) Ibidem., 403—404.
[32]) Ib., 407.
[33]) Ib., 410.
[34]) V. Korać, Op. cit., 161.

њето. Таа противречност се разрешува преку социјалната револуција.[35]) Затоа и револуцијата, како локомотива на историјата е нејзина движечка сила.[36])

Во „Немската идеологија", во ова превосходно дело на Марксовата филозофија на историјата, е изложена и периодизацијата на историјата, со укажување на различните епохи од развитокот на човечкото општество.[37])

Фундаменталните поставки на материјалистичкото разбирање на историјата, што К. Маркс и Ф. Енгелс така студиозно ги изложија во „Немската идеологија", најдоа своја натамошна разработка во нивните одделни и заеднички трудови. Тоа во општи црти го наоѓаме во Марксовиот труд „Беда на филозофијата" врз кој Маркс работел 1845—1846 година, а кој беше објавен во Брисел во почетокот на јули 1847 година. Во ова дело Маркс докажал дека како движечка сила на историјата не се идеите и принципите, туку класната борба предизвикана од општествените односи на производството. Историјата на општеството е закономерен процес.[38])

Овие свои поставки К. Маркс ги надополнува во писмото до рускиот публицист П. В. Аненков од 28 декември 1846 година. И овдека тој ја акцентира улогата на производните сили како основа на целокупната историја на човештвото која, според него, е „... толку повеќе историја на човештвото колку повеќе се развиле производните сили на луѓето, а според тоа и нивните општествени односи". Материјалните односи на луѓето „... се само нужни облици во кои се остварува нивната материјална и индивидуална дејност".[39])

Систематското објаснување на материјалистичкото разбирање на историјата наоѓа свој научен и дефинитивен облик во „Манифестот на комунистичката партија", капитален заеднички труд на К. Маркс и Ф. Енгелс кој започнале да го работат од средината на декември 1847 година по налог на вториот конгрес на Сојузот на комунистите што заседавал во Лондон од 29 ноември до 8 декември истата година. „Манифестот" излегува од печат на 24 февруари 1848 година во Лондон.[40])

„Манифестот" претставува историски документ, програма на научниот комунизам.

Во неколкуте предговори кон различните изданија на „Манифестот" Фридрих Енгелс му оддава на Маркса големо признание во обликувањето на ова нивно заедничко дело, иако и самиот

---

[35]) Г. А. Багатурия., Op. cit., 142—144.
[36]) R. Garodi. Op. cit., 65.
[37]) Г. А. Багатурия., Op. cit. 148.
[38]) Д. А. Рахман, Op. cit., 105. К. Маркс, Беда на филозофијата, Скопје 1960, 101—102.
[39]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Писма за историскиот материјализам. Скопје 1960, 7.
[40]) Д. А. Рахман, Op. cit., 126—127; Karl Marks., 95—96.

тој има мошне многу придонесено уште со неговите значајни „Принципи на комунизмот“[41]) во дефинитивното дооформување на истото. Посебно Ф. Енгелс го акцентира придонесот на Маркса во набележувањето на поставката дека — целокупната историја е историја на класната борба — како исклучително дело на К. Маркс. Во врска со тоа, тој смета дека таа категоричност во одредувањето на вистинската цел на историјата треба да ја поведе историската наука кон истиот оној напредок со кој Дарвиновата теорија ги поведе природните науки. Кон оваа мисла се приближиле и обајцата уште во 1845 година.[42]) Освен тоа, Енгелс во еден предговор од 1890 година му оддава висока определба на „Манифестот“ во која е одразена историјата на модерното работничко движење, како заеднички програм на многу милиони работници од Сибир до Калифорнија.[43])

„Манифестот“ ги синтетизира и систематизира научните поставки и програмските становишта на материјалистичкото разбирање на историјата и на научниот комунизам. Тоа се содржински поставки за класната суштина на историјата и за појавите во неа. настанувањето на општеството, одделно на буржоаското, и за неминовната историска противречност помеѓу буржоазијата и пролетаријатот, заземање на власта од страна на пролетаријатот и историската визија за пролетерската комунистичка авангарда, изградбата на новото бескласно комунистичко општество.[44])

Стојносните историски поставки на „Манифестот“ К. Маркс и Ф. Енгелс ги потврдуваат, надополнуваат и развиваат и во други свои трудови и искажувања. Така, К. Маркс во едно писмо до својот пријател Јозеф Вајдемајер од 5 март 1852 година му ги нагласува основните принципи во определувањето суштинската страна по прашањето на класите и на класната борба. Повторно се акцентира становиштето дека — постоењето на класите е поврзано само со определени историски фази од развитокот на производството; дека, класната борба неминовно води кон диктатура на пролетаријатот; и дека самата таа диктатура претставува само премин кон укинување на самите класи и кон бескласно општество.[45]) Со тоа К. Маркс суверено ја навестува еманципацијата на пролетаријатот и неговата историска мисија. К. Маркс го означува и историскиот категорички факт, истакнувајќи во еден говор на јубилејот на весникот „People's Paper“ од Лондон на 14 април

---

[41]) Ф. Енгелс, Принципи на комунизмот. — К. Маркс—Ф. Енгелс, Од раните трудови, 477—501.

[42]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Манифест Комунистичке партије. — К. Маркс—Ф. Енгелс, Изабрана дела. Т. I. Београд 1949, 10—11; К. Маркс—Ф. Енгелс, Манифест на Комунистичката партија. Скопје 1973, 77—78.

[43]) Ibidem, 12.

[44]) Ibid., 14—46.

[45]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Писма за историскиот материјализам, 19.

1856 година, дека: „Историјата е судија, а пролетаријатот е извршител на пресудата".[46])

Најцелосно, а и класично образложение на фундаменталните основи на материјалистичкото разбирање на историјата К. Маркс изложува во „Предговорот за „Прилог кон критиката на политичката економија" што го напишал во Лондон во јануари 1859 година, а излегол во Берлин на 11 јуни истата година. Во ова дело Маркс доаѓа до концепцијата за општите законoмерности на општеството и на историјата. Тука наоѓаме класична формулација за суштината на материјалистичкото разбирање на историјата, го забележуваме Марксовиот заклучок дека: „Во општественото производство на својот живот луѓето стапуваат во определени, нужни, независни од нивната волја производствени односи што одговараат на определен степен од развитокот на нивните материјални производни сили. Целокупноста на тие производни односи ја составува економската структура на општеството, реалната основа на која се издига правната и политичката надградба и на која ѝ одговараат определени форми на општествената свест. Начинот на производството на материјалниот живот го условува процесот на социјалниот, политичкиот и духовниот живот воопшто. Не го одредува свеста на луѓето нивното битие, туку обратно, нивното општествено битие ја одредува нивната свест..." Натаму, Маркс ги подвлекува поставките за раѓањето на противречностите, за настанувањето на социјалната револуција, постанокот на општествените формации. При нагласувањето на буржоаската општествена формација Маркс го бележи значајниот факт дека со ова „...завршува предисторијата на човечкото општество".[47])

Овие научно значајни поставки на Маркса со право Ф. Енгелс ги смета како „епохално разбирање на историјата".[48])

К. Маркс се зафаќа и со други значајни поставки од материјалистичкото разбирање на историјата како суштествена страна во филозофијата на историјата воопшто. Тој не се придржува до еднострончиво разбирање на овој проблем, туку го надополнува комплексното образложение. Имено, тој, во едно писмо до германскиот револуционер Лудвиг Кугелман од 17 април 1871 година, го подвлекува фактот дека и „...случајностите влегуваат во општиот тек на развитокот и дека пак се компензираат со други случајности..."[49]) Ова го надополнува и заокруглува и Ф.

[46]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Изабрана дела Т. I., 335.

[47]) К. Маркс, Предговор за „Прилог кон критиката на политичката економија". Скопје, 1950, 5—6.

[48]) Ф. Енгелс, К. Маркс ,,Прилог кон критиката на политичката економија". Скопје 1950, 17.

[49]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Писма, 31—32. Во едно писмо до Вера Засулич од 8 март 1881 година К. Маркс ја набележува периодизацијата на историјата на: архаична или првобитна општествена формација, потоа — втора формација — ропство, крепосништво и капиталистичко општество; и трета формација — комунизам (две фази). (Г. А. Багатурия, Op. cit. 162).

Енгелс во некои трудови и писма од 1890 и 1894 година, истакнувајќи ја констатацијата за определувачкиот момент во историјата дека е — продукција и репродукција на стварниот живот не дека влијаат и други фактори и услови, покрај економските и политичките, па и традицијата, дури и вкрстувањето на стремежите, присутноста на нужноста и случајноста.[50])

Материјалистичкото разбирање за историјата добива со теоретските откритија на К. Маркс, а воедно и на Ф. Енгелс, своја научна обопштеност.[51]) Со него, како што истакнал Ф. Енгелс на едно место: „Историјата за прв пат е поставена на своја вистинска основа".[52]) Овие фундаментални научни поставки К. Маркс ги применил мошне умешно и грижливо во своите научни историски трудови и во други прилози од областа на историјата и публицистиката.

## 5.

Со помош на материјалистичкото разбирање на историјата Карл Маркс се обидел да објасни низа историски настани. Прв обид тој направил во трудот: „Класните борби во Франција", кој за прв пат бил објавен во „Новиот Рајнски весник" во 1850, а одделно во 1895 година К. Маркс направил анализа на настаните во време на револуцијата 1848 сè до 1850 година. Тој се стремел да ги докаже внатрешните политички настани со сведување на дејствата на економските причини. Ги набележал непомирливите класни спротивности и посебно ја подвлекол појавата и улогата на пролетаријатот во тогашната историја на Франција.[53])

Брилијантно дело за оваа проблематика К. Маркс изложил и во трудот: „Осумнаесеттиот Бример на Луј Бонапарта" што го објавил во Њу Јорк во 1852 година. Ф. Енгелс ова дело го нарекол „генијална работа". Во него Маркс дал мајсторска слика на француските прилики, верен одраз на стварноста, извонредно разбирање на живата историја на денот. Тоа се должело и на фактот што Маркс настаните ги толкувал низ призмата на материјалис-

---

[50]) Ibidem., 55—56, 69—71. Види исто: Ф. Енгелс, Анти-Диринг. Скопје 1960, 340; Ф. Енгелс, Порекло породице, приватне својине и државе. — К. Маркс—Ф. Енгелс, Изабрана дела. Т. II. Београд 1950, 166—167.

[51]) Види: В. И. Лењин, Карл Маркс. Фридрих Енгелс. Београд 1947, 24; В. И. Ленин и историческая наука. Москва 1968, 13; Г. В. Плеханов, О материјалистичком схватању историје. Београд 1946; Истиот, Прилози историји материјализма. Београд 1950, 176; G. Lukacs, Povijest i klasna svijest. Zagreb 1970, 78—79, 132—146, 310; K. Federn, The Materialist Conception of History. London 1939, 1—4; К. Василев, Увод към философия на историята. София 1961, 157—166; История и социология. Москва 1964, 9—11; Д. Ташковски, Маркистичкиот пристап кон историографијата. — Погледи 6—7 (1972), 985—995; П. Георгиевски, Кон прашањето за Марксовата теорија за општествените класи. — Погледи 6—7 (1972), 968—984.

[52]) Ф. Енгелс, Карл Маркс. — Карл Маркс, 16.

[53]) К. Маркс, Класните борби во Франција. Скопје 1962, 5—8, 35—49.

тичкото разбирање на историјата и што во ова дело ја проверил правилноста на поставките на неговото учење и по зборовите на Ф. Енгелс „тоа проверување сјајно успеало".[54])

Во овој труд К. Маркс успеал да ги објасни револуционерните настани во 1848 година и потеклото на историјата на Второто царство во Франција. Посебно е значајно што дал вистинска карактеристика на оваа револуција, а воопшто тој го акцентирал значењето на социјалната револуција во XIX век, која според него „... таа не можела да ја црпи поезијата од минатото, туку само од иднината".[55])

К. Маркс се занимавал и со историјата на Сојузот на комунистите. За овој прв пролетерски организам тој ги напишал работите: „Откривањата на Келнскиот процес на Сојузот на комунистите" што го објавил во 1853 година и „Господин Вогт" што го објавил во 1860 година. И во обата труда дал автентична слика за дејноста и историјата на Сојузот на комунистите, на првата организациона единка во меѓународното работничко движење.[56])

Историските етапи во развитокот на капиталистичкото општество К. Маркс ги изложил во неговиот капитален труд: „Капитал" (Das Kapital) чијшто прв том излегол во Хамбург на 14 септември 1867 година. Овој најзначаен и најголем труд на Маркса е наречен — енциклопедија на општествените науки и се смета за историски труд.[57]) Со примена на историзмот, односно на историскиот потход, Маркс успеал да ги испита економските категории и закони на капиталистичкиот начин на производство[58]) и да даде според Ф. Енгелс, „научно изложение и тоа така темелно и остро".[59]) Ова В. И. Ленин го надополнувал со констатацијата дека со појавата на „Капиталот" материјалистичкото разбирање на историјата од научна хипотеза било претворено во потврда на сестраната анализа на капитализмот. Во него Маркс обопштил цел еден „Монблан на фактичен материјал". Строгата научна теорија станала синоним за единствено научно прифаќање на историскиот процес".[60])

---

[54]) К. Маркс, Осамнаести бример Луја Бонапарте. — К. Маркс — Ф. Енгелс, Изабрана дела, т. I, 222—223 (K. Marx, Der 18. Brumaire des Louis — Bonaparte. S. 1. 1852. Hamburg 1869).

[55]) Ibidem., 226.

[56]) Е. П. Кандель, Маркс и проблемы истории Союза Коммунистов. — Маркс — Историк, 475; Види: Der Bund der Kommunisten. Documente und Materialien. Band 1 (1836—1849). Berlin 1970.

[57]) Э. Я. Брегел, „Капитал", К. Маркса как исторический труд. — Маркс — Историк, 174—176 (Karl Marx, Das Kapital. I. Hamburg 1867; Карл Маркс, Капиталот, Скопје 1953, Т. I. (Превел: Д. Бојановски-Дизе).

[58]) Ibidem, 176, 210.

[59]) Ф. Енгелс, „Капитал" К. Маркса. — К. Маркс—Ф. Енгелс, Изабрана дела, Т. I. 439.

[60]) Маркс Карл. — Советская историческая энциклопедия, Т. 9. Москва 1966, 102—103.

Француско-пруската војна и раѓањето на Париската комуна од 1871 година, К. Маркс ги разработи во „Адресите" на Генералниот совет на Интернационалата кои беа собрани во студијата под наслов: „Граѓанската војна во Франција" објавена во 1871 и 1891 година. Во ова стојносно изложение најзначајна е: „Адресата на Генералниот совет за граѓанската војна во Франција 1871" која е всушност прва студија за Париската комуна, за големото дело на Комунарите, на нивниот „јуриш кон небото" како што Маркс фигуративно често се изразувал. Со посебно мајсторство и точност К. Маркс успеал да даде едно опфатно изложение за еден од најзначајните настани пред Големата Октомвриска социјалистичка револуција — да го претстави првиот обид во создавањето на пролетерската држава. Тоа е прва марксистичка историја на Париската комуна. Нејзиното историско значење К. Маркс вака го определил: „Работничкиот Париз, со својата Комуна, ќе биде вечно прославуван како славен предвесник на едно ново општество. Неговите маченици се вечно живи во големото срце на работничката класа..."[61])

Од посебно значење за програмските концепции на научниот социјализам и на пролетерското движење се Марксовите критички маргинали врз „Готската програма" на германската работничка партија од 1875 година во кои среќаваме мошне интересни образложенија за законите на историскиот развиток, двете фази во развитокот на комунистичкото општество и периодизација на историскиот процес.[62])

Во својата научна и историографска дејност Карл Маркс се занимавал и интересирал и за други појави од развитокот на светската историја. Излегувањето од печат на познатата студија на американскиот научник Луис Морган за „Првобитното општество" во 1877 година, К. Маркс ја поздравил како значајно дело во кое со конкретни примери се потврдувало материјалистичкото разбирање на историјата. Маркса го привлекла Моргановата реконструкција на предисториската подлога на пишуваната историја и општествената сопственост за што Ф. Енгелс објави во 1884 година брилијантно дело под наслов: „Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата".[63])

К. Маркс се интересирал и за развојните процеси и социјалните борби во антиката, потоа за германската средновековна историја,[64]) и други проблеми од историјата на Европа и светот.

---

[61]) К. Маркс, Граѓанската војна во Франција. Скопје 1963, 117. (K. Marx, La Guerre civile en France, Bruxelles 1871).

[62]) Карл Маркс, Критика на Готската програма. Скопје 1950, 15—37; Г. А. Багатурия, Op. cit., 160; А. И. Молок, Карл Маркс за работой над историей Парижской Коммуны. — Маркс — Историк, 519—525.

[63]) Ф. Енгелс, Порекло породице, приватне својине и државе. — К. Маркс, Ф. Енгелс, Изабрана дела, Т. II, 166—167.

[64]) Види: Архив Маркса и Энгельса. Т. VIII. Москва 1946; Marx—Engels—Lenin—Stalin, Zur Deutschen Geschichte. Bd. I. Berlin 1953, 285—516.

Во врска со проучувањето на колонијалната експанзија на европските капиталистички држави на Далечниот исток, тој се занимал со историјата на Индија за што во 1881—1882 година објавил: „Хронолошки записки по историјата на Индија“, опфаќајќи ја илјадагодишната историјата на оваа земја.[65])

Движечките и значајните настани на неговото време Карл Маркс ги објаснувал и интерпретирал со научно-историска стојност и во своите бројни публицистички работи. Тоа се повеќе од 500 статии со солидни преценки за современите настани, на економската историја, на внатрешно-политичкиот развиток на Европа и Америка, надворешната политика и дипломатија на капиталистичките сили, текот на војните и нивните резултати, револуционерните настани во светот, национално-ослободителните движења во Европа, на пример, во Ирска, Полска и во Азија.

Во своите публицистички работи К. Маркс посебно внимание обрнувал на меѓународното работничко движење, нагласувајќи го притоа особено развитокот на англиското работничко движење.[66])

Не помал интерес К. Маркс пројавил за германското работничко движење, за неговата улога во револуцијата 1848—1849 година за што потекнува и неговото и Енгелсовото дело: „Револуција и контрареволуција во Германија“,[67]) К. Маркс се занимавал и со широкиот спектар на прашања за историјата на оваа револуција на целиот европски континент.[68])

Марксовото внимание го привлекле и настаните на Исток, посебно Кримската војна и источното прашање. За овие на времето актуелни настани, тој и Ф. Енгелс, објавиле еден голем број на статии во познатиот њујоршки весник: „New York Daily Tribune“ и тоа од 1853 до 1856 година кои прилози ги објави во одделна книга ќерката на К. Маркс Елеонора Маркс-Авелинг и нејзиниот сопруг Едуард Авелинг под наслов: „Источното прашање“, а излезе во Лондон во 1897 година.[69]) К. Маркс и Ф. Енгелс ги разработиле проблемите на Источното прашање, а исто така

---

[65]) К. Маркс, Хронологические выписки по истории Индии (664—1858). Москва 1947.

[66]) В. Э. Кунина, Карл Маркс об английском рабочем движении. — Маркс — Историк, 498—499.

[67]) K. Marx—F. Engels, Revolucija i kontrarevolucija u Nemačkoj. Beograd 1953 5—6.

[68]) Види: К. Маркс—Ф. Энгелс, Сочинения. Т. 5—6. Москва 1956—1957².

[69]) Karl Marx, The Eastern Question. London 1897 (Ed. by E. Marx Aveling and E. Aveling); Karl Marx, Oeuvres Politiques. T. III. La Question d'Orient. Paris 1929; Н. Т. Сапронова, К. Маркс и Ф. Энгельс о восточном вопросе накануне Крымской войны. — Вопросы истории Славян V. Воронеж 1963, 123—136.

и општествено-политичката и економската положба и состојба на Јужните Словени, на Балканскиот Полуостров, а во тој склоп и на Македонија.[70])

6.

Епохалното дело на основачот на научниот социјализам — Карл Маркс во областа на историската наука, неговиот несомнено голем удел во откривањето на материјалистичкото разбирање на историјата, докажувањето на истото преку разработката на низа значајни проблеми и прашања од современата историја на Европа и светот само го заокруглува неговиот голем опус во претворањето на историографијата во наука. Уште на времето Франц Меринг тврдел дека Марксовиот придонес бил значаен за да стане историјата наука за да се постигне она што секогаш требало да биде историјата како „водителка и учителка на човештвото".[71]) В. И. Ленин тоа го означувал како Марксов придонес за научното изучување на историјата.[72])

Големото значење на Марксовото учење се состои во тоа што тоа нашло потврда во историската практика почнувајќи од предвестувањето на револуцијата 1848 година на што „Манифестот" служеше како буревесник и како проверка во овие револуционерни настани, потоа во еклатантното потврдување во Интернационалата, во создавањето на Париската комуна — како прототип на пролетерската држава и во оживотворувањето во Големата Октомвриска социјалистичка револуција. Потоа, Марксовото учење служеше како знаме и патоказ во епохата на социјалистичките револуции за да се исполни неговата сила во победоносната југословенска социјалистичка револуција и во југословенскиот самоуправен социјализам.

Придонесот на Маркса кон историската наука е мошне голем. Тоа започнува сè повеќе да го признава и буржоаската историографија и во борбата против неговите идеи се усвојуваат и неговите поставки, особено од историскиот материјализам. Така, познатиот истражувач на марксизмот К. Левит пишува дека историскиот материјализам од времето на неговото создавање — од Маркса, го определува и мислењето на немарксистите и анти-

[70]) Види: Х. Пољански, Источното прашање и Македонија во статиите на Маркс и Енгелс. — Разгледи (Скопје) V/8 (1958), 1—2; Д. Зографски, По повод некои искажувања од класиците на марксизмот — ленинизмот за Источното прашање. — Современост (Скопје) II/4 (1952), 46—70; К. Шарова, Карл Маркс и Фридрих Енгелс за развитокот на Южните Славяни и на българския народ. — Исторически преглед (София) VI (1949—1950), 553.

[71]) Fr. Mering, O Istorijskom materijalizmu. Beograd 1961, 82.

[72]) Энгельс и проблемы истории, 7.

2*

марксистите во таква степен што и тие самите можат тоа да го осознаат.[73])

ДОБЛЕСНИОТ И СМИРЕНИОТ научник д-р Карл Маркс стои како вистински гранитен столб во ризницата на науката во која историографијата заземе предно место.[74]) Бујниот, темпераментниот револуционер — пријателот Мор, како Маркса го викале неговите блиски и другари,[75]) стои со својот вечен копнеж, возвишеност и посветеност кон поубавата иднина на човештвото како создател на најгигантското дело што може да го даде неговиот век. Да заклучиме на крајот дека во **историјата на столетијата е неговата извонредна прометејска храброст.**

---

[73]) K. Löwith, Von Hegel zu Nietzsche. Stuttgart 1964, 117; Е. Б. Черняк, Маркс и новейшие направления буржуазной историографии. — Маркс — Историк 654; Критика новейшей буржуазной историографии. Ленинград 1967, 7—9. Vidi: Die materialistische Geschichtsauffassung, dargelegt von Karl Kautsky. I—I. Berlin 1927; Karl Korsch, Materialistische Geshiphtsauffassung und andere Schriften. Frankfurt/M 1971, 205. Исто — Materialistično pojmovanje zgodovine. Ljubljana 1972, 145. M. Bober, Karl Marx's Interpretation of History. Cembridge (Mass.) 1948, 446.

[74]) Види: E. Drahn, Marx — Bibliographie. Charlotenburg 1929, 59; Л. А. Левин, Библиография произволений К. Маркса и Ф. Энгельса. Москва 1948, 235; E. Dolleams — M. Crozier, Mouvements ouvrier et socialiste. Paris 1950, 47.

[75]) Карл Маркс, 58.